# НОБ

ВО ДЕЛАТА НА ЛИКОВНИТЕ УМЕТНИЦИ НА ЈУГОСЛАВИЈА

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА — СКОПЈЕ

# СЛИКИ
# ГРАФИКИ
# СКУЛПТУРИ

ДАУТ ПАШИН АМАМ, 21. VII. 1977 ГОДИНА

ИЗЛОЖБАТА ЈА ОРГАНИЗИРА УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА — СКОПЈЕ ВО ЧЕСТ НА ТИТОВИТЕ ЈУБИЛЕИ: 40 ГОДИНИ НА ЧЕЛО НА СКЈ И 85 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО. ИЗЛОЖЕНИТЕ ДЕЛА СЕ ОД ФУНДУСОТ НА ГАЛЕРИЈАТА.

Изложбата „НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија“ претставува исечок на една драматична борба на југословенските народи против фашизмот, слика на едно херојство, страдање и непоколеблива нада во конечната победа.

На изложбата се презентирани над 50 дела на 32 југословенски автори, воглавно на генерациите што непосредно учествувале во Народната револуција, кои со сигурен изворен јазик ни раскажуваат за едно тешко но славно време. Од тоа нивно учество никна посебно драгоцено поглавје во нашата ликовна уметност, која најчесто се наречува партизанска уметност. И втората група уметници која создаде извонредни дела во атељеата, непосредно по војната, емотивно сврзани со Револуцијата.

Овие ликовни творби, социјално ангажирани, со извонредна снага, самостојност и индивидуалност, претставуваат изузетен документ ,хроника на едно време, времето на надчовечката борба за слобода, творечки живот, за социјализам. Тоа се документи на една историска вистина ,чиј миг е овековечен во делата на Југословенските уметници.

Преку сликата, графиката, карикатурата и пластиката, уметниците создале такви дела, со кои уметноста од тој период добива посебни димензии. Тие дела се карактеризираат со мали формати, цртежи на листови хартија и блокчиња за скицирање, ретко акварел и масло, со мотиви од партизанскиот живот: „На стража“, „Политички час“ „Партизанска колона“, премин преку брзи и бујни реки, како Неретва, „Тифусари“, „Збег“, до студија на дрво и пејсаж, или потресни слики од концентрациони логори, затвори и интернации: „Стрелање на родољуби“, „Бесење“, „Гасна комора“ и други.

Користејќи се со најосновни средства за изразување, моливот и перото, уметниците повеќе се изразувале на специфичен ликовно-графички јазик, усовршувајќи ја при тоа прецизноста и виртуозноста на линијата до перфекција, така што секој графички лист претставува висока естетска вредност.

Манирот на линеарната моделација се чувствува дури и во портретот, кој предаден со психолошка опсервација, достига висок домет. Во делата ќе се сретнеме со портрети на познатите политички личности (Тито, Кардељ), поети (Назор), сликари, артисти, народни херои и други. Пред нас се познатите автори: Антун Аугустинчиќ, Ѓорѓе Андреевиќ-Кун, Божидар Јакац, Бранко Шотра, Лојзе Долинар, Радауш, Цицо Поповиќ, Димче Тодоровски, Тоде Ивановски, Борко Лазески,, Мартиновски, Личеноски, Барутовски и многу други.

Народноослободителната борба на југословенските народи стана непресушен извор за инспирации на уметниците: сликари, скулптори, поети, музичари, бидејќи ги бележи најсветлите страници на нашата историја, не само по големината на настаните, туку и поради далекусежните резултати во општествениот развиток на нашата земја по нејзиното победоносно завршување.

Согледувајќи ја визијата на нова Југославија, благодарение на СКЈ на чело со другарот Тито, изградена е денешна слободна самоуправна социјалистичка заедница на работните луѓе, народите и народностите на Титова несврстана Југославија.

Родна МЕНКОВА

# К А Т А Л О Г

## С л и к а р с т в о

### АВРАМОВСКИ ПАНДИЛОВ ДИМИТАР

Роден 1898, во с. Тресонче. Трагично загина 1963 во Скопје.
Завршил академија за ликовни уметности во Софија.
1. БЕЖАНЦИ, масло на платно, 85 x 96,5

### АНДРЕЕВИЌ ЏОРЏЕ-КУН

Роден 1904. Во Врцослав, Полска. Умре 1964 во Белград.
Студирал Академија за ликовни уметности во Белград, Италија и Франција.
2. ЗА СЛОБОДУ (мапа), дрворез
3. ГЛАВА НА ПАРТИЗАН, масло на платно, 40 x 33

### БАРУХ БОРА

Роден 1911 во Белград. Стрелан 1942 во Јајнице.
Студирал во Белград и Париз
4. ЗБЕГ, масло на платно, 60 x 71

### ВЛАДИМИРСКИ ТОМО

Роден 1904. во Скопје. Умре 1971 во Скопје.
Завршил Уметничка школа и Академски курс во Белград.
5. УЖАСИ НА ТЕРОРОТ, масло на картон, 33 x 56
6. ПРЕНОС НА РАНЕТИ, масло на картон, 25,5 x 34,5

### ЃОРЃИЕВ ВАНЧО

Роден 1924 во Скопје.
Завршил Академија за Ликовни уметности во Белград.
7. ПАРТИЗАН СО ДЕТЕ, масло на платно, 92 x 100

### ЈОВАНОВИЌ ПАЈА

Роден 1859. во Вршац.
Академија за ликовни уметности завршил во Беч.
8. ПОРТРЕТ НА МАРШАЛ ТИТО, масло на платно, 25 x 16

ЛАЗЕСКИ БОРКО

Роден 1917 во Прилеп.
Завршил Академија за ликовни уметности во Софија.
9. БЕЖАНЦИ (композиција), масло на шперт плоча, 120 x 200

ЛИЧЕНОСКИ ЛАЗАР

Роден 1901 во Галичник. Умре 1964 во Скопје.
Завршил Академија за ликовни уметности во Белград.
10. ПЕИСАЖ СО ПАРОЛИ, масло на платно, 32 x 39

МАРТИНОВСКИ НИКОЛА

Роден 1903 во Крушево. Умре 1973 во Скопје.
Завршил Академија за ликовни уметности во Букурешт.
11. ЦИКЛУС: ПРЕНОС НА РАНЕТИ, темпера на картон
12. ПОХОД, масло на платно, 59 x 123,5

ПОПОВИЌ ВАСИЛИЕ-ЦИЦО

Роден 1914 во Скадар .Умре 1962 во Скопје.
Завршил Академија за ликовни уметности во Белград.
13. ФАШИСТИЧКА ПАРАДА, карикатура, 30 x 25
14. ЧУЧКОВ, карикатура, 32 x 24
15. ГЕНАДИЕ, карикатура 30 x 24
16. БУНКЕР, карикатура, 32 x 26

ПРИЦА ЗЛАТКО

Роден 1916 во Печуј.
Завршил Академија за ликовни уметности во Загреб.
17. ГЛАВА НА ПАРТИЗАН ,масло на платно, 46 x 41

ШИМУНОВИ ФРАЊО

Роден 1908 во Далмација.
Завршил Академија за ликовни уметности во Загреб.
18. ВО ЛОГОР (ПРЕД БЕСИЛКА), сепија, 17 x 14
19. ВО КОЛОНА, сепија, 17 x 22
20. ОКУПАТОР ВО ЗАГОРА, масло на платно, 120 x 139

## Цртежи и графики

### БАРУТОВСКИ БОЖИН

Роден 1931 во с. Селце (Охридско).
Завршил Училиште за Применета уметност во Скопје.
21. ДАРИТЕЛИ НА МРАКОТ, дрворез, 62 x 46

### БАЧЕ ФРАЊО

Роден 1911 во Покоштане кај Задар.
Завршил Академија за ликовни уметности во Загреб.
22. ЈАМА I, дрворез
23. ЈАМА II, дрворез

### БЕЦИЌ ВЛАДИМИР

Роден 1886 во Славонски Брод. Умре 1945 во Загреб.
Студирал Академија за ликовни уметности во Минхен и Париз.
24. МАРШАЛ ТИТО, сепија, 65 x 48

### ДЕБЕЊАК РИКО

Роден 1908 во Капол на Соча.
Завршил Академија за ликовни уметности во Белград.
25. ПОХОД НА XVI ДИВИЗИЈА — ПОХОРЈЕ, бакрорез, 29,5 x 27
26. ПРЕКОП НА БОРЦИ, графика
27. БЕГАЛЦИ И РАНЕТИ, графика, 29,5 x 16

### ЈАКАЦ БОЖИДАР

Роден 1899 во Ново Место.
Завршил Академија за ликовни уметности во Прага.
28. ЕДВАРД КАРДЕЉ, бакрорез, 15,5 x 13,5
29. БОМБАШ, бакрорез 15,5 x 14
30. МИТРАЉЕЗЕЦ, бакрорез, 22 x 16,5

### КАРАМАТЕИЌ ПИВО

Роден 1912 во Нова Варош. Умре 1965 во Риека.
Студирал Академија за ликовни уметности во Белград.
31. НАПАД, цртеж-туш, 46 x 41

КОКОТОВИЌ ДУШАН

Роден 1888 во Липово Поле (Хрватска).
Студирал Академија за ликовни уметност во Загреб, Фиренца и Минхен.
32. ТРАГОМ IV и V ОФАНЗИВЕ (мапа), бакрорез

КРИЖАНИЌ ПЈЕР

Роден 1890 во Глина. Умре 1962 во Белград.
Уметничка школа завршил во Загреб.
33. КАРИКАТУРА, цртеж, 29 x 42

ПЕНГОВ БОЖО

Студирал Академија за ликовни уметности во Љубљана и Загреб.
34. ПРЕНОС НА РАНЕТ ПАРТИЗАН, цртеж, 29,5 x 27
35. СКИЦА, цртеж-молив, 30 x 18

ПРОТУГЕР ДИМЧЕ

Роден 1920 во Охрид.
Дипломирал Академија за ликовни уметности во Софија.
36. ПРЕНОС НА МОШТИТЕ, гваш, 67 x 47

СЕДЕИ МАКСИМ

Роден 1909 во Добрачево (Словенија).
Завршил Академија за ликовни уметници во Љубљана
37. ЗЛОЧИН НА ОКУПАТОРОТ, графика, 19,5 x 29

ХЕГЕДУШИЌ КРСТО

Роден 1901 во Петриње.
Студирал Академија за ликовни уметности во Загреб и Париз.
38. ВО ДВОРОТ НА КАСАРНАТА, цртеж-молив, 41 x 45

ШОТРА БРАНКО

Роден 1906 во Казице. Умре 1960 во Стохолм.
Завршил Уметничка школа во Белград.
39. ИЗНАД СУТЈЕСКЕ, графика, 52,5 x 40

Скулптури

## АБДУРМАНОВ КОСТА

Роден 1927 во Пателе, Грција.
Завршил Академија за ликовни уметности во Белград.
40. ПОСЛЕ СТРЕЛАЊЕ, гипс — релјеф, 150 x 30

## АУГУСТИНЧИЌ АНТУН

Роден 1900 во Клањац.
Студирал на Академија за ликовни уметности во Загреб и Académie des beaux arts во Париз.
41. РАНЕТ ПАРТИЗАН, бронза
42. ПОБЕДА (СЛОБОДА), бронза

## ДОЛИНАР ЛОЈЗЕ

Роден 1893 во Љубљана.
Завршил Академија за ликовни уметности во Љубљана.
43. ПРЕНОС НА РАНЕНИЦИ, бронза-релјеф, 67 x 200

## РАДАУШ ВАЊА

Роден 1906 во Винковци.
Студирал Академија за ликовни уметности во Загреб и Париз.
44. ГЛАВА НА ПАРТИЗАН, бронза

## СТОЈАНОВИЌ СРЕТЕН

Роден 1898 во Приједор.
Студирал Академија за ликовни уметности во Беч и Париз.
45. ПОВИК ВО БОРБА, бронза

## ТОДОРОВСКИ ДИМЧЕ

Роден 1910 во Солун.
Завршил Академија за ликовни уметности во Белград.
46. ЦРВЕНО АРМЕЕЦ, гипс
47. БЕГАЛЦИ, релјеф-гипс
48. ПАРТИЗАН, бронза



Бецич Владимир — МАРШАЛ ТИТО



Караматеич Пиво — НАПАД



Тодоровски Димче — ЦРВЕНОАРМЕЕЦ



Дебењак Рико — ПОХОД НА XIV ДИВИЗИЈА — Похорје



Мартиноски Никола — ОД ЦИКЛУСОТ ПРЕНОС НА РАНЕТИ



Аугустинчич Антун — РАНЕТ ПАРТИЗАН



Тодоровски Димче — Партизан

ИЗДАВАЧ:

Уметничка галерија

Даут пашин амам

91000 Скопје

Тел: 33-904

— Одговорен уредник: Родна Менкова

— Предговор: Родна Менкова

— Биографски и каталошки податоци

Даниловиќ Вера, Мартиновски Коста

— Печатница „13 Ноември“ — Скопје